Врз основа на член 9, став 5 од Законот за одбрана (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 42/01 и 5/03), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 23.02.2004 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОПРЕДЕЛЕНИТЕ РАБОТНИ МЕСТА И НА ВИДОТ И ОБЕМОТ НА ЗАДАЧИТЕ ЗА ЛИЦАТА КОИ ЌЕ ГО СЛУЖАТ ВОЕНИОТ РОК ВО ЦИВИЛНА СЛУЖБА**

Член 1

Во Одлуката за давање согласност на определените работни места и на видот и обемот на задачите за лицата кои ќе го служат воениот рок во цивилна служба (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/03, 39/03 и 84/03), во Прилог број 1-Преглед на организации, установи и противпожарни единици со определени работни места и видот и обемот на задачите на кои ќе се служи воен рок во цивилна служба, по редниот број 16-а, се додаваат три нови редни броеви 16-б, 16-в и 16-г, кои гласат:

| | | |
|---|---|---|
| 16-б. | - ЈУ Завод за физикална медицина и рехабилитација-Скопје | - медицински техничари за нега на болни<br>- физиотерапевт (масер)<br>- технички персонал (електричар, водоинсталатер) |
| 16-в. | - ЈУ Завод за рехабилитација на деца и младинци-Дневен центар за деца со посебни потреби во Велес, Делчево, Прилеп, Битола, Тетово и Крива Паланка | - психолог<br>- педагог<br>- дистрибутер на храна<br>- одржувач на хигиена |
| 16-г. | - ЈЗО Специјална болница за ортопедија и трауматологија “Свети Еразмо“- Охрид | - општ лекар<br>- медицински техничар<br>- работник за општи и помошни работи |

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 23-630/1
23 февруари 2004 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.